**SCCA - Skopje**
ANNUAL EXHIBITION

Soros Center for Contemporary Arts
- Skopje, Macedonia

# '94
# IMAGE BOX
# КУТИЈА СО СЛИКИ

Сорос Центар за современи уметности
- Скопје, Македонија

ГОДИШНА ИЗЛОЖБА
ANNUAL EXHIBITION

**дел В 27.12.1994 - 6.1.1995.**

*Patrick Doeze*

# PLEASE CROSS

In IMAGE BOX I'm going to present to you people (as a matter of fact one person) who would have never thought that theyare ever going to be involved apart from making jokes about it. I like those jokes too. I am not even bothered any more as I used to be when people started to curse or kid the artist and what's going on in his/her minds. They are funny those jokes. They are made by common people, just like I am. I hate the cliche of the artist being something else than a common person. As we sayin teh area where I come from; Everybody goes to toilet twice a day, even the queen (that does include artist). I like to have friends participating in my work. The particular friend designed the Ticking machine for, Chri, and ...






SCCA - SKOPJE
ANNUAL EXHIBITION

*Благоја Маневски*

# ПАНТЕОН



ПРОСТОРИЈА 5

SCCA - SKOPJE

*Искра Димитрова*

# MAGNA MATER DEORUM



Видео проектот MAGNA MATER DEORUM е обид во мојот досегашен начин на работа да се вклучи уште еден медиум - видеото.

Конкретно со овој видео проект идеата е да се оствари комуникација со публиката (преку видеото) и да се создаде можност публиката да се вклучи со остварување на свој ритуал.

За разлика од претходните мултимедијални проекти каде одев од космичкото - создавањето на огнот до поединечното, интимното (со помош на ритуалот), во видео проектот од поединечното (само - ритуалот) се оди кон космичкото - природните елементи и убавината на хаосот.

Во видео проектот мултимедијалниот проект (на кој обично работам) ќе претставува појдовна точка.

ПРОСТОРИЈА 6

# Антони Мазневски

# THE END

Мојот проект е во контекст на мојата досегашна работа која се темели на разработка и проблематизација на телевизиската слика или поточно на телевизиските стереотипови како што се ТЕСТ сликата, колористичка тест скала и др. Тие спорадични, периферни, строго техничко-функционални "пораки", информациски ирелевантни за гледачот, сум ги пренесувал на сликарско платно во класична сликарска технологија. Во последно време ја напуштам дводимензионалноста на сликарското платно и создавам објекти кои ја опросторуваат темата.

Телевизиската слика ја користам како оголен знак, стереотип, со истрошена смисловна содржина, а од друга страна ја нагласувам телесноста, љуштурата т.е. кутијата која е евидентна метафора за "сад со скриен симболизам". Од мојот приод не ја исклучувам фасцинацијата која произлегува од самата форма на ТВ екранот и телевизиската кутија каде воочувам знаковита и конотативно богата тема. Со "замрзнување" на пораката (текстот) која ја емитира екранот (на пример одјавната шпица, сатот кој го покажува "точното време" или пак како во приложениот објект - одјава на филмот со текстот THE END) сакам да ја истакнам објектноста на носителот на сликата, всушност неговата рудиментирана состојба кога, на елементарно рамниште, тој претставува едноставно само кутија која емитира светлост, а притоа ги игнорирам (што не значи дека за нив не сум свесен) реперкусиите кои би произлегле од занимавањето со самата природа на медиумот односно телевизиската технологија, или пак од нејзината естетика.



## *Абјаник Драган*

# PCL 82

Телевизијата мисли на Вас. Сите нејзини канали мислат на Вас. Таа ви подготвува инстант среќа. Телевизијата сака исцело да и припаѓате, да и бидете верен, верна. Промената на каналот е исто толку страшна како и промената на религијата. Тоа е грев, нели? Но, тоа е што е и ја продавате душата, а во замена го примате светот.

Е, а на почетокот беше PCL 82.

Станува ли човекот ментална скулптура пред ТВ приемникот или пак неговата мисловност преку него ќе го доведе до него самиот симнувајќи го од пиедесталот на секојдневието?

1. PROSTORIJA I




2. PSOSTORIJA II





SCCA - SKOPJE
ANNUAL EXHIBITION

# *Венко Цветков*

# АТМАН

Проектот е осмислен како структура на ниво на симболичка интеракција. "Однесувањето" има симболичко значење како комуникација помеѓу единки на начин кој исклучува запознавање одвнатре единките, тоа резултира со ситуација на когнитивна дисонанца помеѓу реципиентот и делото (концептот).

Мимезисот како метода е најпогоден да настапи во улога на трансептот на претходната констатација и толкувач на вистината. Во настанатиот расчекор делото е во потполна состојба да ја оствари својата автономност.




SCCA - SKOPJE
ANNUAL EXHIBITION

SCCA - Skopje
ANNUAL EXHIBITION

# основа




SCCA - SKOPJE
ANNUAL EXHIBITION

кат



ДЕЛ А 16 - 24.12.

**ДЕЛ В 27.12 - 6.1.**

ДЕЛ С 10 - 19.1.

**Абјаниќ Драган**
Архимедијала
Блажеска Виолета и
Грабулоски Богдан
Ванѓели Жанета
**Димитрова Искра**
**Doezé Patrick**
Јанкулоски Роберт
**Маневски Благоја**
**Мазневски Антони**
Михајлов Драган
Светиева Анета
Станковски Александар
Стојановиќ Мирослав - Шуки
Тошевски Игор
Трајковски Златко
**Цветков Венко**
Шумковски Јован